**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Четвртата седница наСобранието на Република Македонија,**
**одржана на 19 декември 1998 год.**

Седницата се одржа во зградата на Владата (Голема сала) со почеток во 13,5 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието.

На седницата присуствуваат: претседателот на Република Македонија Г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, гувернерот на Народна банка на Република Македонија, дипломатски претставници на странски држави во Република Македонија.

Го молам претседателот на Република Македонија Г-дин Киро Глигоров да му се обрати на Собранието.

Претседателе,повелете.

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Почитуван господин Претседател на Собранието, Почитувани пратеници, Екселенции, Дами и господа,

Дозволете ми почитувани пратеници најнапред да ви го честитам изборот и честа и големото признание што ви го дадоа граѓаните, избирачите. Вие имате голема одговорност во располагањето со сублиматот на граѓанскиот суверенитет што ви е доверен низ чинот на вашето изгласување. Очекувам со полна свест и совест за ова успешно да ја извршувате вашата работа.

Истовремено, би сакал да им се заблагодарам на сите пратеници од претходниот состав на парламентот, како и на членовите на Владата на господин Бранко Црвенковски, за плодотворната соработка што ја имавме во претходните години.

Согласно моите уставни надлежности и обврски, дозволете ми да се осврнам на некои актуелни прашања и активности на надворешната и внатрешната политика на Република Македонија во годинава што изминува. Би сакал исто така, да изнесам како јас гледам на приоритетите и насоките на делување во наредниот период.

Зад нас е уште една година на предизвици и тешкотии со кои се соочивме на патот за обезбедување стабилност, натамошен развој и просперитет на земјата.

Продолживме со целосно интегрирање во меѓународната заедница, изборувајќи го своето место во неа. Република Македонија се докажа и се потврди како стабилизирачки фактор во регионот на Југоисточна Европа со својата препознатлива мирољубива политика. Вложувавме во својата безбедност низ промоција на хармонизација и демократизација на односите во општеството и се трудевме да направиме макар чекор напред. Поддршката што за тоа ја добивме и очекувам и натаму да ја добиваме е неспорна. Нема потреба од скромност тоа и го заслуживме. Особено по многуте оспорувања, негирања, сомневања во нашата определба за изградба на сопствена, самостојна, независна држава, па дури и извесни потпомагања на негирањето на таквите наши залагања, било преку политичка изолација, едно време па и премолчно прифаќање на недозволените ембарга и економската агресија, негирање на нашата нација, јазик или име, па и одредени територијални претензии.

Не дека некои од тие анахрони аспирации не постојат и денес кај одредени структури, па и како паралелни или парадржавни стратегии. Но, денес веќе не се соочуваме со отфрлање на фактот за постоење самостојна и независна Република Македонија од страна на некоја држава или од дел од меѓународната заедница. Република Македонија е прифатен и респектиран меѓународен субјект.

Натамошните задачи што претстојат во областа на меѓународните односи, пред се, афирмираните приоритети - целосното интегрирање во Европската унија и полноправното членство во НАТО наметнуваат многу задачи. Во прв ред натамошна демократизација, унапредување на меѓунационалните односи, продолжување на реформскиот курс

во економијата, заради безбедност, стабилност и економски прогрес на земјата.

Како посебно важни на тој план се неодамнешните трети парламентарни избори. Сите политички партии, како и меѓународните посматрачи, го оценија изборниот процес како фер и демократски. За тоа од особено значење беше заедничкото учество на партиите на власт и на опозицијата во заокружувањето на пакетот изборни закони. Тоа ќе има свое значење и за наредните избори, бидејќи донесените изборни закони не се само со актуелна употребна вредност.

Со волјата на граѓаните, на избирачите, на овие избори се случи демократска смена на власта во духот на најдобрите европски парламентарни традиции. Се зборуваше за некаква наводна потреба од македонска пролет, па се најавуваше жешка есен, па меки, кадифени револуции и слично. Во Република Македонија тоа не се случи и се покажа дека сме во стадиум на созреана демократија. И добро е што е така. Република Македонија покажа извонреден капацитет и висок степен на граѓанска свест. Граѓаните својата волја ја манифестираа на избори. Не на улица. Туку, самосвесно, достоинствено и со вистинска доза на граѓанска зрелост и одговорност.

По овие избори Република Македонија навлегува во една нова ситуација за нас што теоритичарите ја означиле како кохабитација. Кохабитацијата не мора нужно да значи и различни, односно спротивставени политички погледи или политички филозофии. Ќе се трудам во рамките на моето дејствување како Претседател на Република Македонија и моите односи со Владата и другите чинители на власта во Македонија да поминат во духот на позитивна конотација што овој збор ја има: сожителство. Различните ставови што по некои прашања можеби ги имаме, или ќе ги имаме, треба да ги поставуваме не како два спротивставени пола што водат до разидување, туку кон различноста да пристапиме како извонредна можност и поинаку да погледнеме на некои прашања. Можни се и остварливи се заеднички решенија, а единствено во интерес на Република Македонија и на нејзините граѓани. Како политички одговорни луѓе можеме да се обидеме да ја достигнеме зрелоста на нашите граѓани.

Во нашето секојдневно дејствување, како Претседател на државата, односно како Влада, ќе бидеме упатени едни на други. Немам ниту една причина да не верувам дека тие односи ќе бидат максимално коректни, интерактивни и делотворни. Во полза на нашата држава и за просперитетот на оние на кои им одговараме, на граѓаните. Притоа, секој од нас има уставни должности, овластувања и одговорности. Прецизно дефинирани во Уставот и во законите. Така се напишани за да се почитуваат и за да се спроведуваат. И тоа не е прашање на нечија волја или политички став.

Почитувани дами и господа пратеници,

Сферата на меѓунационалните односи е исклучително битна за нашата земја. Клучна е за Република Македонија, за нашата вкупна безбедност, стабилност и економски подем. Уредувањето на односите во оваа сфера е уште побитно за нашиот секојдневен живот и заемна почит, без оглед на националноста или на нашето верско определување.

Како исклучително важен настан на тој план го сметам вклучувањето во Владата на коалицијата Партија за демократски просперитет на Албанците - Народна демократска партија. Тоа е пораз на идеите дека отворените прашања во меѓунационалните односи а некои од нив се и многу длабоки можат да имаат вонинституционални решенија. Дека гетоизацијата, изолацијата, па дури и напуштањето на институциите на системот, што во изминатата година беше случај, можат по пат на сила или со притисок да доведат до изнудени решенија. Новата Влада е коалиција во која две од партиите до сега, условно кажано, беа на спротивни страни. Нивното секојдневно заедничко дејствување во Владата нужно ќе бара постигнување компромиси решенија нешто што, кога станува збор за меѓунационалните односи, во оваа држава го издигнавме до ниво на принцип.

Годинава на прашањето на меѓунационалните односи посветивме и една од нашите редовни меѓупартиски средби. Таа расправа од сите учесници

беше оценета како почеток и како можност за отворање на прашањата кои постојат во таа сфера. Заеднички беше констатирана потреба од нејзино продолжување.

Би сакал да ја сумирам политиката што ја водевме на овој план.

Прво, целиот концепт на уредување на меѓунационалните односи, го означивме и го промовиравме како "сожителство". Со него ги означуваме заедничките напори и вложувања во заемните односи на различните етницитети. Реалната содржина е во политиката на интеграција на националностите, тоа е целта но без асимилација. Концептот на изградба на државата, притоа, е врз постулатите на граѓанско општество со уставни гаранции и обврски за негување на разликите. Се определивме за парламентарна, а не за консензуална Демократија.

Второ, во Република Македонија се воспостави традиција на респектирање на фактот што некои политички партии околу себе собираат значаен дел од некоја националност што живее во оваа држава. Оттука е вклучувањето на такви политички партии како коалициони партнери во сите досегашни влади на Република Македонија. Ја потенцирам важноста на ваквата добра традиција која продолжува и со новоформираната Влада.

Трето, искуството од повеќевековното заедничко живеење е преточено во негување на толеранцијата. Не само декларативна, туку формулирана во низа законски одредби што регулираат сфери од животот каде што се штити различноста и посебноста на различните етницитети што живеат во Република Македонија. Ова е поткрепено и со прифаќање на меѓународните обврски што произлегоа од Повелбата на Обединетите нации, Париската повелба и Хелсиншките документи, документите на ОБСЕ, на Советот на Европа и слично.

Република Македонија ги ратификува конвенциите што се однесуваат на прашања од сферата на правата на малцинствата. Меѓутоа, мора и овој пат да кажам ова е простор каде што никогаш не можете да кажете дека сте сториле доволно.

Четврто, прифативме меѓународна експертиза во изготвувањето на законските проекти што целосно или со дел задираат во сферата на меѓунационалните односи. Па, дури и меѓународно посредување во разговорите за некои од тие прашања. Резултат се позитивните оценки од меѓународните институции, посебно од Советот на Европа.

Петто, покрај внатрешните напори заради стабилизирање на демократијата, за Република Македонија е битно целосно вклучување во европските интеграции и другите тенденции што во таа насока постојат во меѓународните односи. Од неколку причини.

- Прифатени се цврсти правила што оневозможуваат сериозни судири што би можеле да се интернационализираат.

- Економската помош на Унијата, како финансиска, така и во поддршка на реформите, што ги спроведовме, води кон просперитет што би релаксирал животот во нашата земја и некои од постојните проблемите.

- Натаму, отвореноста на границите во Европа ги прави беспредметни тезите за големи држави, ја овозможува културната комуникација, како и секојдневните односи на матичната држава и нејзините граѓани со припадниците на своите малцинства кои живеат во некои соседни земји и на тој начин анулира некои од проблемите. Истовремено, можно е остварување на духовно национално единство без територијални претензии и поместувања.

- Градењето европски дух, европска култура и заедништво бара конкуренција на идеи и промоција на културни вредности, а не нивно спротивставување, или подрастично исклучување што се рефлектира, потоа, и на домашен план.

- Приклучувањето, пак, кон европскиот колективен систем на безбедност, релаксирачки дејствува првенствено врз меѓусоседските односи во подрачје какво што е Балканот каде нема етнички чисти држави.

Посветив значаен дел од моето излагање на овие прашања од меѓунационалните односи, бидејќи моделите и начините за нивното

уредување при што и натаму има голем број проблеми се клучни за оваа држава. За нив мора да се има концепт. Тие се сериозни и не трпат ниту импровизации, ниту дневно-политички решенија.

Идентификувањето на стратегиските интереси на земјата и нивното концептуализирање во конзистентна заокружена целина не е и не може да е работа само на некоја актуелна власт. Доградувањето и моделирањето на стратегијата треба да е засновано на општ политички консензус. Разлики меѓу политичките партии ќе има и тоа е и основата на нивната политичка борба. Но, нужно е основните премиси на внатрешната и на надворешната политика што ги спроведува секоја актуелна власт да се конзистентни на стратегиските интереси на Република Македонија.

Дами и господа,

Почитувани пратеници,

Стратегиските правци во надворешната политика на Република Македонија, уште во процесот на осамостојувањето, ги поставивме во интерес на зачувување на територијалниот интегритет, независноста на земјата и заштитата на националниот идентитет. Тие беа доследно спроведувани, дури и низ тешкиот период на меѓународното признавање. Ги имавме предвид и глобалните процеси на трансформација во светот и посебно во Европа. Како наши трајни интереси ги истакнавме: европската интеграција; евро-атлантската соработка и интеграција; еквидистанцата како основа за развој на добрососедството на билатерален и на регионален план, при што претпоставка за решавање на постојните проблеми се дијалогот и толеранцијата.

Стратегиските определби на нашата земја на меѓународен план сепокажаа реални. Во таа смисла се чини реално и постигнувањето на преостанатите цели на патот кон целосна европска и евроатлантска интеграција. Можеме, се разбира, со право да бидеме незадоволни од динамиката или, пак, да бидеме огорчени на одредени се уште постојни попречувања на тој отворен процес. Тоа што нашата земја не е опфатена со Агендата 2000 на Унијата не треба да го сфатиме како затворена врата на оваа европска интеграција за Македонија. Напротив.

Она што е битно за нас е постигнување на сите неопходни европски стандарди економски, политички и правни што се запишани како претпоставки за зачленување. Нивното постигнување, и уште повеќе практично остварување, во огромен дел ќе значи и исполнување на нашата стратегиска цел за приклучување кон европското цивилизациско општество. Република Македонија треба да биде доволно подготвена за своето зачленување во Европската унија. Спремна да ги ползува бенифициите, но да ги понесе и одговорностите што произлегуваат од тоа. Мораме да имаме и своја визија за нашето место во единствената европска одбранбена политика и за сегашната се позабележлива тенденција на извесно европско "осамостојување" на тој план во однос на Соединетите Американски Држави.

Извесното заостанување во процесот на целосно зачленување во Европската унија не би сметало да не обесхрабри во остварувањето на нашата европска и евроатлантска визија. Кога ќе оствариме полноправно членство, е тешко да се каже. Меѓутоа, претстојната етапа, односно почетокот на преговорите со Европската комисија за асоцијативно членство и тн. би требало да се издејствува што поскоро. Во тој контекст беше корисна иницијативата на Европската унија за континуитет во разговорите што ги има со македонското раководство и отпочнувањето непосреден дијалог за овие прашања веднаш по стапувањето на должност на новата Влада. Македонија веќе и објективно, со примената на Спогодбата за економска и трговска соработка со Европската унија и со добрите билатерални односи со сите членки на Унијата, се има здобиено со легитимитет за потпишување на Европскиот договор.

Во идниот период би требало да се опстои и да се зацврсти постигнатиот внатрешен консензус на сите релевантни политички фактори за нашето приклучување кон Европската унија и НАТО.

Нашата стратегиска цел за целосно интегрирање во Северно-

атлантската алијанса не е само декларативно изразена. Направени се низа чекори во изминативе години по нашето пристапување кон Партнерството за мир што низ непосредната соработка на планот на колективната безбедност објективно ја приближуваат Република Македонија кон консензуалната определба за полноправно членство во НАТО.

Уште една година и зад нас е цел еден век што го одбележаа бурни настани. Но, двете светски војни и низата регионални конфликти кои, поради целосната глобализација, но и се поголемата разорна моќ на оружјето, ја ангажираат целокупната меѓународна заедница истовремено да наоѓа и решенија за превенција на судирите. УНПРЕДЕП е пример за градење модел на превентивна дипломатија. Продолжувањето на оваа исклучително важна мисија е наложено од фактот што причините поради кои воопшто таа и беше воспоставена, за жал, се уште не се отстранети.

По распаѓањето на биполарната структура, НАТО остана единствена ефективна алијанса која е способна да го зачува мирот и да ги штити демократските вредности. Оваа алијанса има капацитет да го следи трендот на трансформацијата во светот и да има одговори на предизвиците и за себе и за другите. НАТО излезе од своите "граници" и помогна таму каде што требаше, па и кога тоа не беа само нејзини членки. Денес помага и во остварување на Мисијата на ОБСЕ на Косово. НАТО-генералите ги видовиме дури и во своевидна дипломатска мисија во Белград.

Но, НАТО и натаму бара одговори. Алијансата се подготвува за 21-от век, а со неа тоа ќе мора да го прават и оние кои бараат да бидат дел од Алијансата.

Одбележувајќи ги 50-те години од своето постоење наредниот април во Вашингтон, НАТО ќе ја исцрта својата нова карта. Република Македонија е поканета да земе учество на овој Самит. Но, дали ќе биде поканета и како идна можна нова членка во вториот круг, е прашање кон кое мораме да ги насочиме сите напори. По политичката одлука за членство на Полска, Чешка и Унгарија во првиот круг, како критериуми сега се поставени исклучително високи стандарди за опременоста и оспособеноста на армиите на земјите-кандидати. Во ера во која технологијата го глобализира светот, тоа е исклучително битно. Но, особено малите земји не можат така лесно да прескокнат фази, ниту да се очекува да го достигнат нивото на развојот на големите армии. Ова особено важи за Република Македонија која остана скоро без ништо во нејзините касарни и магацини по заминувањето на ЈНА и со години беше под ембарго за увоз на оружје, не по своја вина.

Апелирам затоа и натаму да остане политичката одлука за проширување на НАТО со нови членки, се разбира со исполнување на најнужните услови кои се потребни за тоа.

Во однос на нашата земја би сакал да се имаат предвид и неколку факти.

- Република Македонија по мирен пат излезе од југословенскиот воен вител и мирно се раздружи од Југословенската Народна Армија.

- Република Македонија изврши демократска трансформација на општеството.

- Република Македонија, покрај сите предизвици, ја зачува внатрешната стабилност.

- Република Македонија не дозволи регионалните конфликти и војни во Хрватска, во Босна, на Косово, нестабилноста во Албанија, да се прелеат на нејзина територија.

Или, накратко да сумирам: Република Македонија продуцира стабилност во регионот.

Покрај консензуалната определба на политички партии и широката поддршка на граѓаните за полноправно членство во НАТО, ова се, исто така, значајни факти што ги истакнав, што треба да се имаат предвид. Во прилог на нашето членство ќе истакнам уште дека е неопходен и онаков географски баланс при проширувањето на Алијансата.

Некои нерешени прашања што ги имаме со соседите не се такви да имплицираат конфликти. Напротив. Во однос на регионалната нестабилност, НАТО има разработено механизми за спречување на нивно прераснување во конфликти.

Градејќи стратегија за мирно и демократско решавање на отворените прашања во областа на одбраната и безбедноста низ непосредни контакти со Владата и посебно со министерот за одбрана, како и со актуелното армиско раководство, а во консултација со членовите на Советот за безбедност, се настојуваше да се доизгради одбранбената политика и да се обезбеди стабилна воено-политичка и безбедносна состојба на Република Македонија. Во изминатиов период одбраната на Република Македонија бележи континуирани прогресивни чекори, а посебно нејзината Армија.

Радува фактот што опремувањето на Армијата бележи нагорна линија со што се подига нивото на нејзина мобилност и ефикасност. Основата на нејзиното дејствување е одвраќање од агресија од било каков вид и со било каква цел, со што се промовира во фактор на стабилност во регионот.

Сега би сакал да поставам прашање што понатаму?

Проекциите за развој и преструктуирање на одбранбените системи, посебно на нашите вооружените сили, вообичаено е да се прават на десет години. Во рамките на овој период на развој треба да се продлабочи најважниот демократски институт кога станува збор за Армијата, а тоа е: цивилна и демократска контрола врз оружените сили, со контрола на Собранието на Република Македонија.

На планот на внатрешните реформи треба да продолжи процесот на професионализација на Армијата заради поголема мобилност и борбена готовност. Потребно е преструктуирање на Армијата за формирање сили за брза интервенција, сили за поддршка и стратегиски сили, односно резервен состав. Системот на обука и вежби треба да е редефиниран според мерките на НАТО. Паралелно потребна е изградба на подофицирски кадар и систем на негова обука. Истовремено потребно е подобрување на стандардот на Армијата, се разбира , согласно материјалните можности на државата.

Како резултат на процесот на трансформација на правниот поредок во Република Македонија во системот на безбедноста, произлезе и формирањето на Агенцијата за разузнавање. Но, со една голема задача за нејзино кадровско доекипирање. Агенцијата има значајни функции за безбедноста на државата, со надлежности чие остварување не задира во правата и слободите на граѓаните. При изделувањето на разузнавачката функција и структура од нејзината претходна припадност на Министерстваото за внатрешни работи и Министерството за одбрана, како стандард беше прифатено оваа институција во областа на разузнавањето да нема во исто време и надлежности во други области на безбедноста.

Агенцијата е поставена во корпусот на органите на државната управа, е во рамките на надлежностите, пред се, на Претседателот на државата, со влијание на Владата врз важните прашања на систематизација, организација и буџет на Агенцијата.

Дами и господа пратеници,

Во овој контекст би сакал да да кажам неколку збора и на вкупната безбедносна состојба на Република Македонија.

Ако ја цениме безбедноста во однос на претходните години, не можеме а да не истакнеме дека вкупниот безбедносен амбиент и импликациите по нашата земја се значително порелаксирани. Сепак, тоа никако не значи и ситуација без проблеми и рефлексии од регионалните конфликти.

Во моментов случувањата на Косово што се во нашето најнепосредно соседство се главниот генератор на нестабилност на границата. Меѓународната заедница прави напори, и покрај воените дејства што сега се подзапрени, да најде политичко решение низ дијалог. Ние тие напори ги поддржуваме и за функционирање на верификаторската мисија на ОБСЕ и за Центарот за извлекување на верификаторите од Косово. Сепак, не е изгледно, би рекол, дека скоро би можел да биде постигнат таков договор кој би ги задоволил во моментов спротивставените барања на двете страни. Но, за поздравување е готовноста за тоа да се разговара. Истовремено, би ја потенцирал важноста што за нас, но и за регионот во целост, ја има пристапот кон проблемите на Косово.Тој ги потврдува нашите ставови, како и политиката што ја водевме, дека не треба да се бара во

моментов интегрално решение на проблемите што ги имаат Албанците во одделни земји каде што живеат.

Потврда на тоа е и фактот што косовскиот конфликт немаше директно прелевање или пресликување во Република Македонија. Иако, сепак, постои голема солидарност кај македонските Албанци со нивните браќа на Косово со кои ги врзува не само иста национална припадност, туку и блиски родбински врски, поради заедничкото живеење во некогашна Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Рефлексиите од косовскиот конфликт врз Република Македонија беа и се во вид на илегални преминувања на границата и обиди за шверц со оружје и друго, но засега без поголем бран бегалци.

Во таа смисла се и дел од случувањата на македонско-албанската граница, иако тие се дополнително оптоварени со ситуацијата во Република Албанија. За сега состојбата на таа граница изгледа постабилна, но потребна е поголема претпазливост со приближување на пролетта.

Неодбележаната граница со Сојузна Република Југославија, иако нејзиното утврдување беше предвидено со договорот за целосно воспоставување дипломатски односи меѓу двете земји, покрај тоа што ги оптоварува политичките односи, може да влијае врз безбедноста на северната граница.

Во однос на другите соседи, ситуацијата во последниве години е значително поинаква. Сепак, Република Македонија е во таков регион што не може а да не ги чувствува врз својата безбедност и стабилност сите други отворени прашања на Балканот.

Почитувани пратеници,

Во целиот период по осамостојувањето, Република Македонија беше соочена со оддредени проблеми во регионот, како и со одделни соседи.

Притоа, успешно застана на позицијата на одбрана на својот државен и национален суверенитет и идентитдт. Големодржавните национализми, присвојувањата, оспорувањата, патернализмот и затворањето очи пред реалностите се стари, наследени болки на Балканот. Граѓаните на Република Македонија се покажаа имуни на овие болести како политички зрел субјект. Република Македонија пак се покажа како фактор на стабилноста во регионот. Трајно заинтересирани за изградување и унапредување на стабилен регион и за билатерална и регионална соработка, нашите принципиелни определби ги дефинираме во неколку точки, а тоа се: активно спроведување на добрососедската политика на билатерален и регионален план; регулирање на односите со непосредните соседи и максимално можна соработка и активна улога во регионот.

Поучени од историското искуство и антиципирајќи ги големодржавните претензии и национални стратегии на соседите било за освојување и за политичко влијание за просторот на кој денес е Република Македонија, се определивме за политика на еквидистанца кон соседите. Неа доследно ја спроведувавме во практичното остварување на надворешната политика, во сферата на економските односи и во одбранбената политика. Нејзината суштина е да се развиваат максимално добри односи со сите соседи и сестрана соработка со нив, без привилегии за ниту една соседна земја и без сојузирање со било која. Тоа на Република Македонија и го гарантира нејзиниот суштински стратегиски интерес да ја зачува својата позиција на крстопат на Балканот. Токму политиката на еквидистанца придонесе да исчезнат некои стравувања кај дел од нашите соседи за евентуални закани по нивната безбедност и интегритет со постоењето на Република Македонија.

Би се осврнал и на сегашниот степен на односите со секоја земја одделно.

Република Македонија е единствена Република на поранешна СФРЈ, која сопствената независност како што веќе порано спомнав ја стекна по мирен и демократски пат, без учество во војна и без непотребни жртви и разорувања. Таа беше првата што ги нормализира своите односи со сите новонастанати држави на просторот на поранешна Југославија и утврди договорно-правен статус кој во

новонастанатите услови обезбедува соработка во областа на економијата, сообраќајот, размената на културните вредности и сл. врз основа на целосно почитување на независноста, рамноправноста и територијалниот интегритет.

Врз оваа определба се и конкретните активности на нашата земја и нејзините настојувања за решавање на преостанатите прашања околу обележување на државната граница со СР Југославија, сукцесијата на поранешната СФР Југославија и сл. Паралено соработката со СР Југославија, како и со Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина зазема едно од најзначајните места во македонската меѓународна размена.

Република Македонија се спротивстави на обидите нејзиното осамостојување и вклучување во меѓународната заедница да се условува со промена на нејзиното уставно име, претрпувајќи огромни штети заради притисоците и ембаргата што и се наметнуваа за да се постигне тоа.

Државните органи немаат преземено ниту една мултилатерална или билатерална меѓународна обврска која би значела отстапување од уставното име. Во врска со референцата која се применува во општењето од страна на Обединетите нации, односно за разликата околу името, согласно Резолуцијата на Обединетите нации, продолжуваат разговорите во Њујорк со посредство на господинот Сајрус Венс. Нашиот специјалниот пратеник на Републиката на овие разговори, амбасадорот Иван Тошевски застапува позиција кој перманентно ја застапува позицијата која поаѓа од доследната одбрана на употребата на уставното име Република Македонија во меѓународната комуникација онака како што е тоа се почеста пракса со поголемиот број земји со кои Република Македонија соработува.

Истовремено, водиме прагматична политика, врз основа на Привремената спогодба за унапредување на соработката со Грција, на сите подрачја од заемен интерес, што покажува значителни позитивни резултати.

Наспроти разните обиди, притисоци и слично, не дозволивме да се доведе во прашање историската вистина за македонската национална самобитност и посебноста на македонскиот јазик. Спречен е обидот со наметнувањето на јазичниот спор, односно со одбивањето договорите со нашата земја да се потпишуваат и на македонски јазик, да ни се врши притисок да се откажеме од правото самите да си го именуваме јазикот што го говориме. Тезата дека тој е јазична форма, или дијалект на бугарскиот јазик го доведува во прашање историскиот континуитет и самобитноста на македонската нација, Нејзината култура, како и фактот дека Македонците, како еден од балканските народи, покрај Република Македонија како нивна матична држава, живеат и во сите други балкански Земји.

Успешно е надминат долгиот период на непостоење никакви односи и соработка со соседна Албанија. Денес двете земји покажуваат голем интерес за унапредување на меѓусебните односи. Соработката оди напред. Се наоѓа во подем. Договорно се регулирани сите позначајни подрачја од Меѓусебните односи. Се гради меѓусебната доверба и свест дека припадниците на албанската националност во Македонија и припадниците на македонското национално малцинство во Албанија претставуваат позитивен чинител на тие односи.

Македонија настојува да изгради кооперативен однос со Албанија кон прашањата кои се од заеднички интерес на двете земји, па и за поширокиот регион, за обезбедување на стабилност и мир, да се надминат тешкотиите во внатрешниот развој на Албанија и двете земји конструктивно да помогнат во разрешувањето на кризата на Косово.

Голем дел од проблемите во регионот се резултат на историски хипотеки. Република Македонија се залага за откажување од големодржавните аспирации, со почитување на европските стандарди, особено во областа на човековите права и правата на националните малцинства. Тоа е претпоставка за поголема меѓусебна доверба и почитување.

Но Република Македонија има утврдена уставна обврска и грижа за унапредување на положбата на македонското национално малцинство во соседните земји. Ова, исто така, е едно

од нашите значајни стратегиски прашања. Тоа може успешно да се решава само во постојана и активна корелација со меѓународниот систем на заштита на припадниците на националните малцинства. Проблемот на почитувањето и унапредувањето на малцинските права го гледаме низ призмата на достигнатиот степен на демократизација на секоја држава и низ призмата на напредокот во градењето на цивилното општество.

Како резултат на некои историски случувања, значаен е бројот на Македонците во дијаспората. На унапредувањето на врските со нив треба да се посвети многу поголемо внимание. Досега постигнатото не задоволува. Годинава што изминува покренавме расправа за односот на државата кон нашата дијаспора. Изготвен е еден нацрт-документ кој поаѓа од искуството на земји со значителна дијаспора. Истовремено, ја констатиравме потребата од формирање на Иселенички совет како координативно тело што ќе ја утврдува генералната политика и *ќе* ги насочува активностите на овој план. Притоа, посебно сакам да истакнам дека кон иселеништвото пристапивме не само како кон македонска дијаспора , туку имајќи го на ум и значителниот број иселени граѓани од Република Македонија кои се со друга национална припадност.

Дами и господа,

Би се осврнал уште на неколку прашања од меѓународните односи.

Република Македонија е активен учесник во Обединетите нации и досега предложи неколку значајни резолуции за Балканот и за други прашања кои наидоа на широка поддршка, со што меѓународниот углед и промоција на Република Македонија во оваа организација е во напредок. Како заеднички експеримент во Република Македонија успешно функционира првата превентивна мисија на Обединетите нации таканаречен - УНПРЕДЕП.

Република Македонија при тоа е членка на Советот на Европа, ОБСЕ, ЦЕИ. Активно учествува во нивната работа и со нив добро соработува. Македонија веќе стана потписник на поголемиот број конвенции на овие организации, активно вклучувајќи ги нивните стандарди во внатрешното законодавство и на тој начин обезбедувајќи ја својата стратегиска европска опција.

Успешно се одвива соработката со меѓународните финансиски институции. Редовно се отплатуваат кредитите, а Меѓународниот монетарен фонд покажува готовност за поддршка на реформите кои се спроведуваат во земјава. Ни претстои интензивирање на контактите и активностите за наше зачленување во Светската трговска организација.

Република Македонија ги развиваше и ги унапреди билатералните односи со голем број држави во светот, вклучувајќи ги големите сили. Се поуспешно се остваруваат најшироки економски, политички и културни односи и соработка со странство и нивно договорно регулирање. Без запоставување на политичките цели и задачи, неопходно е да се посвети ушт9 поголемо внимание на развојот на нашите економски односи со странство. Во таа смисла потребно е и соодветно 9кипирање на нашата дипломатска мрежа.

Република Македонија во својот досегашен развој, со својата внатрешна и надворешна политика стекна не само меѓународен легитимитет, но и значителен углед. За кусо време, постигнато е се што е потребно, да се разбере политиката на оваaа земја но притоа како што е инаку во животот секогаш може и повеќе. Критички забелешки имаше и се уште има. И треба да ги има. Никогаш не треба да бидеме задоволни со постигнатото. Секогаш треба да стремиме кон повеќе и кон подобро. Сепак, најбитно е тоа што во изминатиов период во ниту еден момент не се остапи од стратегиските определби во надворешната политика.

Намерата на нашите надворешно-политички определби, онака како што се обидов да ги скицирам пред вас, беше, меѓу другото, да се создаде амбиент за економски развој, а заради просперитет и благосостојба на граѓаните на Република Македонија. Целокупната општествена трансформација, структурните промени за обезбедување пазарни услови на стопанисување, како и неповолните политички збиднувања во регионот, создадоа крупни макроекономски

тешкотии. Голем предизвик за земјата беше како да се зачува внатрешната стабилност и да се обезбеди егзистенција на населението. Преземени беа остри стабилизациони мерки во соработка со меѓународните финансиски институции, кои, разбирливо, се рефлектираа и врз материјалната и социјалната сигурност на населението. Меѓутоа, тоа беа процеси карактеристични за земјите во транзиција пат кој мораше да се измине и издржи. Што поскоро го изминеме тој пат, помалку ќе не чини. Секое одлагање на реформите ќе биде поскапо платен.

Преку спроведувањето на една континуирана монетарна и макроекономска политика постигната е едноцифрена стабилна инфлација во последните 3 години, а видливи се позитивни сигнали и резултати и во однос на развојниот елемент покачување на бруто општествениот производ и пораст на индустриското и земјоделското производство. Подигнат е кредибилитетот на нашата земја на меѓународниот финансиски пазар. Болниот процес на приватизација на стопанските претпријатија е во фаза на заокружување. Единствено напорите за зголемување на инвестиционата активност и поголем прилив на странски капитал и внесување на модерна технологија во земјата, не го достигнаа посакуваното ниво. Затоа дополнително влијаеше и нестабилната политичка ситуација во регионот, но и изостанувањето на позасилени активности за промоција на можностите и перспективите на нашето стопанство.

Она на што мораме особено да му одадеме признание на нашиот граѓанин е приватната иницијатива во низа, условно кажано, мали и средни претпријатија. На нивната снаодливост во економскиот и политичкиот амбиент на транзиција се должи внатрешната виталност што ја покажа Република Македонија во услови на блокади, ембарга, а особено при губењето на некогашните традиционални пазари.

Би сакал посебно да ја истакнам успешната имплементација на два значајни сегмента во нашата економска политика на надворешен план:

Прво, во тек е реализацијата на Договорот за кооперација со Европската унија и активностите кои се започнати во земјава за почитување на меѓународните економски стандарди и наше приближување до Европската унија со крајна цел подигање на нивото на меѓусебните односи. Втор сегмент е интензивната соработка со земјите од регионот на планот на создавање на зона на слободна трговија, со цел проширување на пазарите и зголемување на конкурентното предимство на нашата земја.

Република Македонија е мала земја со мал економски простор кој налага наше сообразување со европското опкружување и борба за свое место во европскиот економски простор и надвор од него. Политиката на отворена и извозно ориентирана развојна економија може да обезбеди економска експанзија, зголемување на конкурентноста и се она што би ги отворило широко вратите кон европскиот и светскиот пазар за нашето стопанство. Нашата позиција во меѓународните економски односи мораме да ја градиме преку почитување на меѓународните принципи и стандарди. Оваа наша заложба се гледа и во определбата да станеме членка на Светската трговска организација. Лично мислам дека повеќе значајни чекори во тој правец во нашата земја се направени. Во многу нешта правниот систем е усогласен и одговара на принципите и стандардите што се применуваат во западно-европските земји. Но на тој план има и уште многу да се работи.

Досегашната стабилна макроекономска состојба во земјата, верифицирана и од страна на Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка, и спроведените системски и институционални промени претставуваат битни предуслови за економска и социјална преобразба на земјата за тоа да се доведе до крај на повеќесложниот процес на транзиција и отворање можности за развој и за поголеми странски инвестиции. Соработката во овие две клучни финансиски институции мора да продолжи. Оценката што ја даваат тие, а не нашето сопствено видување, е она што може да го привлече странскиот свеж капитал во Република Македонија, нешто што во моментов за нас е од животворно значење.

Главната цел на монетарната

политика на земјата и натаму треба да биде одржување на стапката на инфлација на ниско и предвидливо ниво. Би требало да продолжи политиката на одржување на стабилен курс на денарот и стабилност на цените. Тоа ќе обезбеди континуитет во економскиот растеж и соочувување на стабилниот и дефиниран макроекономски амбиент. Не сум сигурен дека со евентуални крупни поместувања во макроекономската политика за наредниот период не ќе се доведеме во ситуација на повторна појава на веќе надминатите хиперинфлаторни движења на цените, постоење на висок дефицит и сл. И не сум сигурен дека на тој начин ќе го обезбедиме целниот економски просперитет: економска стабилност, социјална сигурност на населението, повисок стандард на живеење и благосостојба.

И покрај сите предзнаци на "високо ризична земја" и маргинализирањето на нашите економски предности, пред се заради актуелната нестабилна ситуација во регионот, постојните внатрешни потенцијали се се уште недоволно искористени, во економска инфраструктура, во квалитетните човечки ресурси со кои располагаме и солидната индустриска база. Оттаму, за нас и во иднина нагласен приоритет мора да има зголемувањето на инвестиционата активност на земјата и особено привлекувањето на странскиот капитал. Со тоа ќе се овозможи пораст на степенот на искористеност на расположивите капацитети, поголема продуктивност, брзи технолошки промени и, секако, зголемување на бројот на вработените во земјата.

Моараме да констатираме дека е несомнено зголемувањето на вработеноста како еден од клучните приоритети во оваа сфера, не само од економски, туку и од социјален аспект. Совладувањето на невработеноста и смирувањето на социјалните тензии се значајни предуслови за нормално одвивање на процесот на репродукција на националната економија. Во оваа област постигнати се одредени позитивни ефекти со мерките што ги спроведуваше претходната Влада од почетокот на годинава. Но, и натаму проблемот останува со сета своја сериозност.

Систематското елиминирање на пречките што стојат на патот на заздравување и динамизирање на нашето стопанство, надминување на негативните тенденции и продолжување на стабилизационите текови ќе обезбедат услови за развој на здраво стопанство, позитивни економски текови и пораст на производството на трајни основи што е и наша цел.

Почитувани пратеници,

Дозволете ми да го задржам вашето внимание уште само малку време. Сметам за потребно да се кажам неколку зборови односно прашања од секојдневниот живот.

Речиси секојдневно, по низа прашања, во разни средби што ги имав се поставуваше проблемот за компетенцијата и функционирањето на органите на локалната самоуправа. Затоа, направив обиколка на неколку општини во Република Македонија, имав и низа средби со повеќе градоначалници. Актуелното прашање на односите меѓу локалната власт и државните органи, намерно го извлекувам надвор од контекстот на меѓунационалните односи, иако има тенденции да се прикажува како проблем на меѓунационалните односи. Главно проблемите во оваа област произлегуваат од преголемата централизација на државата. Сметам дека на овој план е неопходно нешто да се стори во насока на овозможување локалните заедници да ги извршуваат своите компетенции според постојниот Закон за локална самоуправа и во насока на остварување на уставните определби, но не со логика на рестриктивност. Притоа сакам да истакнам дека е неопходна и поголема иницијативност на самите општини во надополнување на буџетот со кој располагаат што не треба да биде нивниот единствен приход.

Регионализацијата што се заговара како предлог за решавање на некои од проблемите на локалната самоуправа, по мое мислење, не е решение.

Образованието е исто така едно прашање на кое би сакал да се осврнам. Јасно е дека е неопходна реформа на целокупниот образовен систем. Тој треба да биде таков за да образува квалитетни кадри за сите што живеат во Македонија и тие кадри да можат успешно да се вклучат во сите

европски текови, ако веќе како наш приоритет го запишавме интегрирањето во Европската унија. Но, тоа е прашање за едно пошироко разгледување по некој друг повод.

Сферата на образованието во изминатите години кај нас исклучително и нагласено се политизира. Особено, како тема на политички дискусии се поставува образованието на јазиците на националностите. На една страна се барањата на албанската националност за високо образование на мајчин јазик, а на друга уставните и законските норми спротивни на тоа.

Како форма и метод за политичка борба беше креирана творба како што е тнр. малоречански универзитет. На неа таков беше и одговорот.

Но, едно е непризнавањето на таа творба, сосема нешто друго е неговото игнорирање и дозволувањето манипулација со младите луѓе и нивна инструментализација во политички цели.

Барајќи решение на проблемот за високото образование на албански јазик мора да се имаат предвид и некои веќе преземени чекори и резултатите што тие ги даваат. Врз основа на нив треба да градиме натаму.

Со одлука на Владата, како што е познато, е формиран Педагошки факултет кој образува кадри за професори на албански и турски јазик во образованието. На него сега се дошколуваат и петстотини претходни ученици на Педагошката академија, сакајќи да го постигнат факултетското ниво на образование.

Системот на квоти при приемот на двата универзитета го зголеми бројот на Албанците и другите националности кои студираат на нив и соодносот на пријавени и примени студенти и кај оваа популација е подеднаков како кај македонската -3 спрема 1.

Се очекува донесување Закон за високо образование кој би требало да го регулира формирањето приватни образовни институции. Уставната обврска на државата за образование достапно на секого под еднакви услови мора да се почитува.

Би спомнал, исто така, уште два момента. Би требало да се склучи договор со Република Албанија за нострификација на дипломите. Очекувајќи позитивен исход од преговорите за Косово, се надевам дека и Приштинскиот универзитет ќе биде повторно отворен, а со тоа и наставата на албански јазик.

Образовните институции се клучните места каде што се учат нашите поколенија како да живеат заедно. Од таа придобивка не смееме да се откажеме.

Дами и господа,

Сега конечно би завршил со нешто што го запишавме и во Уставот давајќи му најголеми уставни гаранции а тоа е почитување на правата на човекот. Но, со тоа малку се занимававме или, пак, недоволно. Заокружувањето на демократизацијата во наредните години треба да биде посебно застапена на тој план. Треба во живот да се преточат уставните определби и законските решенија, да се гради свест кај граѓаните за нивното место и улога во општеството. Накратко многу повеќе да се занимаваме со цивилната сфера, а не претежно со политиката и политизацијата на сиот живот. Тука е решението за низа проблеми и во меѓунационалните односи. Не за сите, се разбира. Покрај тоа, нашето внимание треба посебно да биде посебно насочено кон гарантирањето и остварувањето на правата на различните малцински групи не нужно сфатени врз етничка основа, на пример правата на жените, правата на децата, на инвалидите, на хендикепираните и слично. Тоа, според мене, е големиот проект кој пред нас претстои.

Една од клучните улоги во тоа ја имаат невладините организации и како места каде што граѓаните можат да артикулираат одделни свои интереси и потреби.

Правото на партиципација на секој граѓанин во градењето подобра иднина е суштествено содржано во поимот демократија. Политичкиот или каков било друг ексклузивитет се сериозен индикатор за одалечување од демократијата.

Развојот на демократијата се повеќе го отвора просторот јавноста да врши реално влијание врз политиката, иако од друга страна, политиката настојува да влијае врз формирање на мислење на јавноста. Овие релации кои

се од суштествено значење, би требало во центарот на вниманието да ги стават практичните реални интереси на граѓаните и расположливите можности за нивно остварување. Но, веќе неколкукратните изборни циклуси незадржливо го ставаат во погон механизмот на повратно влијание меѓу политиката и јавноста што оневозможува тоа да биде само прашање на нечиј личен став.

Почитувани пратеници,

Кога ги споменав веќе изборните циклуси да кажам дека наредната година не очекуваат избори за претседател на Република Македонија. Дозволете ми во однос на ова прашање да кажам и нешто лично. Јас соопштив во јавноста дека немам намера да се кандидирам на следните избори за претседател. Тоа, во крајна линија, меѓу другото значи и почитување на уставните определбги. Би го повторил тоа уште еднаш и пред вас. Со тоа сметам дека политичките партии сериозно треба да работат на подготвување на кандидатурите на оние личности кои, според нив, можат да добијат верификација во јавноста.

Моето денешно излагање беше со намера да изнесам концепт за определбите од кои се раководев во изминативе години. Тоа не произлегува од некој мој личен став кон некое конкретно прашање или од некои дндвно-политички калкулации. Ваквиот концепт се базира и поаѓа од стратегиските интереси на државата и на македонскиот народ. Ако нешто би можел да му оставам на мојот наследник во аманет, би сакал да биде токму тоа. Со тоа не сакам да кажам дека нема простор за секој иден претседател да стави свој личен печат на водењето на државата. Напротив. Многу нешта зависат токму од личноста, од нејзиното дејствување, од карактерот на претседателот на државата. Но, стратегиските определби се оние со кои што не треба да се прават експерименти. На ова место не доаѓаме за да оствариме свои политички цели. Не се станува претседател на држава и пратеник или министер или било која друга јавна функција за да се остварат лични амбиции. Претседателот на државата и секој друг во оваа држава кој носи оддговорност може и единствено смее да биде во служба на државата и народот и да дејствува така што со тоа ќе придонесува за секој граѓанин одделно.

Морам пред Вас да искажам благодарност на граѓаните на Република Македонија што ми ја дадоа довербата да работам на проблемите кои се од суштествено значење за нас и за идните генерации.

Вам, почитувани пратеници, екселенции, дами и господа, искрено Ви благодарам за вниманието

(Аплауз во салата)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на претседателот за неговото обраќање. Ја заклучувам Четвртата седница на Собранието на Република Македонија, а Петтата ќе ја продолжиме во 16,00 часот.

(Седницата заврши во 14,35 часот)